**Г Р А Д     С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за комунални работи

# ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА

за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2025 година

**Скопје, декември 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20)“, член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 42/20 и 224/24), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на _______ 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2025 година

## I. Вовед

Градот Скопје има надлежност за одржување на јавната чистота, со организирано и континуирано чистење (метење и миење) на јавните површини, како и празнење на корпи за отпадоци согласно определената динамика. Исто така градот има обврска за подигање, уредување и одржување на зелените површини на подрачјето на градот Скопје, односно за булеварско и парковско зеленило и останато зеленило во надлежност на Градот, Градски парк I и II, Парк на Франкофонија, Парк -Жена Борец , двете страни на кеј на, реката Вардар , Парк-шумата- Водно, Парк на природата- Гази Баба, СРЦ- Сарај. Подрачјето на градот Скопје изобилува со многубројни постојани или повремени водени површини (канали, вештачки езера, отворени базени и др.) како и разновидна флора, поради што постои потреба да се врши превентивната, дезинсекција ,која е утврдена како општа мерка за заштита од заразни болести. Градот Скопје има надлежност за украсување на градот Скопје со знамиња по повод државните празници и други прилики утврдени со постојните прописи.

Целите што сакаат да се постигнаат со ова програма се реализација на законските обврски, на Градот Скопје, утврдени во законите што ја уредуваат комуналната област .

## II. Одржување на јавна чистота

Со програмата, се дефинира обемот, динамиката и начинот на вршење на потребните активности за одржување на јавната чистота, реализирани од страна на ЈП ‘’Комунална хигиена’’-Скопје на подрачјето на градот Скопје за 2025 година, како и начинот на финансирање на истата.

Одржувањето на јавната чистота подразбира организирано и континуирано чистење (метење и миење) на јавните површини како и празнење на корпи за отпадоци.
Чистењето (метењето и миењето) се врши рачно и машински, и е условено од временските, инфраструктурни и други услови.
Летниот период за чистење е од 01 април до 31 октомври и во овој период покрај метење се врши рачно и машинско миење на јавните сообраќајни површини и тоа по правило во ноќните односно рано-утринските часови.
Зимскиот период за чистење е од 01 ноември до 31 март и во овој период најчесто се врши само метење на јавните сообраќајни површини.

Динамиката на чистењето е условена и од:

- Густината на населеноста
- фрекфенцијата на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- инфраструктурните и сообраќајните услови
- делување на градежната оператива
- временските услови
- вонредни ангажирања и инцидентни интервенции во врска со одржување на јавни и протоколарни манифестации.

При поголеми временски непогоди и расчистување на последиците од нив, одржувањето на јавната чистота се извршува со налог на Град Скопје односно Секторот за комунални работи на Град Скопје.

**II.1. Категоризација на јавните сообраќајни површини:**

За ефикасно организирање на работите, извршена е категоризација на јавните сообраќајни површини, во рамките на границите на Генералниот урбанистички план. Според оваа категоризација, вкупно се чисти површина од 6.281.785 м$^2$, односно:

| | | |
|---|---|---|
| - Прва категорија | 422.847 м$^2$ | 7% |
| - Втора категорија | 2.022.223м$^2$ | 32% |
| - Трета категорија | 3.836.715 м$^2$ | 61% |
| **ВКУПНО:** | **6.281.785 м$^2$** | **100%** |

Во првата категорија со површина од 422.847 м$^2$ пресметана е зоната на секојдневно повеќекратно прочистување: Малиот ринг со површина од 209.456 м$^2$, Големиот ринг со површина од 148.239 м$^2$ и Старата чаршија со површина од 65.152 м$^2$.

Чистењето на јавните површини, се одвива по следната динамика:

| | | Летен период | Зимски период |
|---|---|---|---|
| **I категорија** | | | |
| Мал Ринг | 209.456 м$^2$ | 3 пати дневно | 2 пати дневно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 7 дена во неделата | 7 дена во неделата |
| Голем Ринг | 148.239 м$^2$ | 3 пати дневно<br>6 дена во неделата | 1 дневно<br>6 дена во неделата |
| Стара чаршија | 65.152 м$^2$ | 2 пати дневно<br>6 дена во неделата | 1 дневно<br>6 дена во неделата |
| **II категорија** | | | |
| Булевари: Ј.Сандански, Партизански одреди,Босна и Херцеговина Х.Т. Карпош, А.Македонски, АСНОМ, ул. Ѓ. Петров, ул. Никола Карев и ул. 20 О. Сарај | 949.594 м$^2$ | 1 дневно<br>6 пати во неделата | еднаш неделно |
| Магистрални и собирни улици | 1.072.629м$^2$ | 1 дневно<br>5 пати во неделата | еднаш неделно |
| **III категорија** | | | |
| останати јавни површини | 3.836.715м$^2$ | 2 пати месечно | еднаш месечно |

Во рамките на одржувањето на јавната чистота, се врши и празнење на корпи за отпадоци, поставени на јавни сообраќајни површини, и тоа од три пати дневно до еднаш неделно, во зависност од лоцирањето односно од обемот на полнењето на истите. Исто така, планирано е и континуирано поставување на дополнителен број на корпи за отпадоци на реконструираните и новоизградените сообраќајници, во зависност од потребите на градот Скопје.

Покрај наведените работни операции, во функција на јавната чистота, во градот се превземаат и други активности како што се чистење на депонии и сметишта и сл.

Расчистувањата на депонии и сметишта го врши јавното претпријатие по претходно изготвен налог од Секторот за комунални работи на Град Скопје.

Подигање на згазени и умрени животни од јавни површини е речиси секојдневна потреба. Бројот и видот на умрени животни како и местата од кои се подигнати се утврдени со месечен извештај изготвен од јавното претпријатие потврден од Секторот за комунални работи на Град Скопје.

Во текот на годината надлежниот сектор може да издаде налог за преземање други дополнителни и вонредни активности, во зависност од укажани потреби и околности.

## II.2 Начин на финансирање

Одржувањето на јавната чистота се финансира од надоместокот што го плаќаат правните и физичките лица за собирање и транспортирање на комунален отпад како и од буџетот на Град Скопје во износ од 11 000 000.00 денари..

Финансирањето на дел од активностите за одржување на јавната чистота, е предвидено во Буџетот на Град Скопје за 2025 година, а особено расчистување на сметишта и подигање на умрени животни, за што се склучува и посебен договор помеѓу Градот Скопје и извршителот на оваа програма и за што средствата за оваа намена се предвидени во буџетот на Град Скопје.

Вонредни, зголемени активности за чистење на јавните површини, по повод организирани собири, манифестации и сл. се изведуваат по налог на Секторот за комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно ценовникот, усвоен од управниот одбор на јавното претпријатие и одобрен од Советот на Град Скопје.

Цената за расчистувањето на сметишта односно депониите, се наплаќа по $м^3$, се пресметува согласно ефективен работен час на потребната механизација, и истата е усвоена од страна на управниот одбор на јавното претпријатие односно има добиено согласност од Советот на Град Скопје.

Цената на чинење на подигањето на умрени животни се пресметува согласно месечните трошоци за бројот на работни часови и потребна работна рака, а истата е усвоена од управниот одбор на јавното претпријатие и има добиено согласност од Советот на Град Скопје.

## III. Подигање и одржување на зеленилото

Градот Скопје има надлежност за подигање, уредување и одржување на зелените површини на подрачјето на градот Скопје, односно за булеварско и парковско зеленило и останато зеленило во надлежност на Градот, Градски парк I и II, парк на Франкофонија, парк Жена Борец и двете страни на кеј на реката Вардар, ботаничка градина и Мега паркот Даме Груев со површина од 2.519.201м2, како и за Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба и СРЦ Сарај со површина од 47.027.000м2.

Подигање на нови зелени површини, хортикултурно уредување и реконструкција на постоечки деградирани јавни површини, како и одржување на јавните зелени површини и Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба и СРЦ Сарај, Град Скопје ги извршува преку ЈП Паркови и зеленило - Скопје.

Во однос на интезитетот на одржување и подигнување на зеленилото тоа се дели на:

**ЗЕЛЕНИЛО СО ЗГОЛЕМЕН ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ**

- Градски парк I и парк на франкофонијата
- Градски парк II дел
- Парк Жена Борец

- Кеј на реката Вардар
- Булеварско зеленило долж магистрални патишта.

## ЗЕЛЕНИЛО СО ОПТИМАЛЕН ИНТЕНИЗИТЕТ

- СРЦ Сарај

## ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

- Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба.

Табеларните прегледи се составен дел на Програмата за 2025 година. Во нив се дадени катастарските прегледи за годишното одржување, обемот и динамиката

### КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД

На Градски парк I и и Парк на франкофонија
за одржување во 2025 година

| Р.бр. | Објект | Површина $м^2$ |
|---|---|---|
| | **„Градски парк“ I дел** | 79,882 |
| | **и парк на франкофонија** | 19,028 |
| 1 | Тревна површина | 98,910 |
| 2 | Листопадни дрвја | 900 бр. |
| 3 | Зимзелени дрвја | 600 бр. |
| 4 | Листопадни грмушки | 195 бр. |
| 7 | Зимзелени грмушки | 379бр. |
| 8 | Цветни површини | 523 м2 |
| 9 | Асфалтни патеки | 8.174 м2 |
| 10 | Попесочени патеки | 11.348 м2 |
| 11 | Ивици долж патеки | 11.566 м1 |
| 12 | Алеја | 300 м2 |
| 13 | Парковски клупи | 105 бр |
| 14 | Корпи за отпадоци | 154 бр. |
| 15 | Фонтани | 2 бр. |
| 16 | Мостови | 2 бр |
| 17 | Чешми | 6 бр |
| 18 | Прскалки | 300 бр. |
| 19 | Споменик | 12 бр. |
| 20 | Павиљон | 3 |
| 21 | Ѕидан бунар | 1 |
| 22 | Канделабри | 189 бр. |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило за 2025 година за Градски парк 1 дел и Парк на франкофонија

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | $м^2$ | 14,837 | 12 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | $м^2$ | 98,910 | 2 |
| 3 | Машинско косење | $м^2$ | 84,074 | 12 |
| 4 | Собирање трева | $м^2$ | 98,910 | 12 |
| 5 | Изнес.трева со количка | $м^2$ | 29,673 | 12 |
| 6 | Утовар трева во камион | $м^2$ | 98,910 | 12 |
| 7 | Рачно поливање тревник | $м^2$ | 25,200 | 36 |
| 8 | Собирање лист со изнесув. | $м^2$ | 98,910 | 5 |
| 9 | Утовар лист во камион | $м^2$ | 98,910 | 5 |
| 10 | Сечење ивици по патеки | $м^1$ | 11,566 | 1 |
| 11 | Садење сезонско цвеќе | $м^2$ | 523 | 2 |
| 12 | Прашење цветни површини | $м^2$ | 523 | 2 |
| 13 | Окопув. дрвја и грмушки | бр. | 564 | 1 |
| 14 | Кроење на грмушки | бр. | 28 | 1 |
| 15 | Фито заштита | бр. | 36 | 2 |
| 16 | Собирање хартија | $м^2$ | 98,910 | 90 |
| 17 | Стругање плевел по патеки | $м^2$ | 11,348 | 2 |
| 18 | Метење асфалтни патеки | $м^2$ | 8,174 | 53 |
| 19 | Метење попесочени патеки | $м^2$ | 11,348 | 59 |
| 20 | Одржување санитарни јазли | Ч | 760 | 1 |

Катастарски преглед за Градски парк 2 дел

| Р.бр. | Објект | Површина $м^2$ |
|---|---|---|
| 1 | Тревна површина | 290.385 $м^2$ |
| 2 | Зимзелени дрвја | 1.200 бр. |
| 3 | Листопадни дрвја | 4.800 бр. |
| 4 | Листопадни грмушки | 3800 бр. |
| 5 | Зимзелени грмушки | 1600 бр. |
| 6 | Асфалтни патеки | 41.700 $м^2$ |
| 7 | Ивици долж парков.патеки | 55.600 $м^1$ |
| 8 | Корпи за отпадоци | 97 бр. |
| 9 | Рустик павилјони | 2 бр |
| 10 | Мостови | 17 бр. |
| 11 | Чешми | 3 бр |
| 12 | Електро пумпи со јажина од 35 kc | 3 бр |
| 13 | Електро пумпи со јачина од 65 kc | 1 бр |
| 14 | Секторски прскалки | 400 бр |
| 15 | Кружни прскалки | 450 бр |
| 16 | Канделабри | 162 бр |
| 17 | Споменик | 3 бр |
| 18 | Клупи | 218 бр |
| 19 | Клупи на кеј | 50 бр |
| 20 | Парк за кучиња | 2 бр |

**ПРЕГЛЕД**

на интензитетот на работа на зеленилото за 2025 година за Градски парк 2 дел

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | $м^2$ | 43.558 | 12 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | $м^2$ | 290.385 | 2 |
| 3 | Машинско косење | $м^2$ | 246.827 | 12 |
| 4 | Собирање трева | $м^2$ | 290.385 | 12 |
| 5 | Изнес.трева со количка | $м^2$ | 87.115 | 12 |
| 6 | Утовар трева во камион | $м^2$ | 290.385 | 12 |
| 7 | Собирарње лист со изнесув. | м | 290.385 | 2 |
| 8 | Утовар лист во камион | $м^2$ | 290.385 | 2 |
| 9 | Сечење ивици по патеки | $м^2$ | 55.600 | 1 |
| 10 | Окопув. дрвја и грмушки | бр | 3.480 | 1 |
| 11 | Кроење на грмушки | бр | 270 | 1 |
| 12 | Фито заштита | бр | 1.700 | 1 |
| 13 | Метење асфалтни патеки | $м^2$ | 41.700 | 35 |
| 14 | Собирање хартија | $м^2$ | 290.385 | 90 |

**Преглед** за кејот на река Вардар

| Р.бр. | О б ј е к т | Површина $м^2$ |
|---|---|---|
| Површина на кеј “13 Ноември” | | |
| **1** | Зеленило во долниот дел | 395.000 |
| **2** | Косина на насипот | 100.000 |
| | **ВКУПНО:** | **495.000** |

**ПРЕГЛЕД**
на интензитетот на работа на зеленилото за 2025 година на кеј на река Вардар

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење | $м^2$ | 74,250 | 12 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | $м^2$ | 495,000 | 2 |
| 3 | Машинско косење | $м^2$ | 420,750 | 12 |
| 4 | Собирање трева | $м^2$ | 420,750 | 12 |
| 5 | Изнес.трева со количка | $м^2$ | 420,750 | 12 |
| 6 | Утовар трева во камион | $м^2$ | 420,750 | 12 |
| 7 | Собирање лист со изнесув. | м | 420,750 | 3 |
| 8 | Утовар лист во камион | $м^2$ | 420,750 | 3 |
| 9 | Собирање хартија | $м^2$ | 420,750 | 90 |

**ПРЕГЛЕД**
на интензитетот на работа на зеленилото во Парк Жена Борец
за 2025 година

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Косење со тример | $m^2$ | 695 | 12 |
| **2** | Греб.трев.пред маш.косење | $m^2$ | 6.957 | 2 |
| **3** | Машинско косење | $m^2$ | 6.262 | 12 |
| **4** | Собирање трева | $m^2$ | 6.957 | 12 |
| **5** | Изнес.трева со количка | $m^2$ | 2.087 | 12 |
| **6** | Утовар трева во камион | $m^2$ | 6.957 | 12 |
| **7** | Рачно поливање тревник | $m^2$ | 6.957 | 36 |
| **8** | Собирање лист со изнесув. | $m^2$ | 6.957 | 8 |
| **9** | Утовар лист во камион | $m^2$ | 6.957 | 8 |
| **10** | Садење сезонско цвеќе | $m^2$ | 243 | 2 |
| **11** | Прашење цветни површини | $m^2$ | 243 | 2 |
| **12** | Окопув. дрвја и грмушки | бр. | 120 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13** | Окопување и прашење рози | $m^2$ | 40 | 2 |
| **14** | Плевење на рози | $m^2$ | 40 | 2 |
| **15** | Кроење на рози | бр | 50 | 1 |
| **16** | Кроење на грмушки | бр | 9 | 1 |
| **17** | Фито заштита | бр | 88 | 2 |
| **18** | Собирање хартија | $m^2$ | 6.957 | 90 |
| **19** | Метење асфалтни патеки | $m^2$ | 5.845 | 53 |
| **20** | Сечење ивици по парк.пат. | m | 2.248 | 1 |

## Мега парк “ДАМЕ ГРУЕВ”

| Р.бр. | **Вегетација** | **Ед.** | **Површина** |
|---|---|---|---|
| **1** | Тревна површина | $m^2$ | 34.208 |
| **3** | Зимзелени дрвја | бр | 127 |
| **4** | Листопадни дрвја | бр | 555 |
| **5** | Зимзелени грмушки | бр | 222 |
| **6** | Рози | бр | 100 |
| **7** | Асфалтни патеки | $m^2$ | 10.844 |
| **8** | Ивици долж патеки | m | 5.422 |

**ПРЕГЛЕД**

на интензитетот на одржување на Мега парк „ ДАМЕ ГРУЕВ”

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | m2 | 5.131 | 12 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | m2 | 34.208 | 2 |
| 3 | Машинско косење | m2 | 29.077 | 12 |
| 4 | Собирање трева | m2 | 34.208 | 12 |
| 5 | Изнес.трева со количка | m2 | 10.433 | 12 |
| 6 | Утовар трева во камион | m2 | 34.208 | 12 |
| 7 | Рачно поливање тревник | m2 | 34.208 | 36 |
| 8 | Собирање лист со изнесув. | m2 | 34.208 | 8 |
| 9 | Утовар лист во камион | m2 | 34.208 | 8 |
| 10 | Окопув. дрвја и грмушки | бр. | 321 | 1 |
| 11 | Окопување и прашење рози | m2 | 15 | 2 |
| 12 | Плевење на рози | m2 | 15 | 2 |
| 13 | Кроење на рози | Бр | 100 | 1 |
| 14 | Кроење на грмушки | Бр | 11 | 1 |
| 15 | Фито заштита | Бр | 421 | 2 |
| 16 | Собирање хартија | m2 | 34.208 | 90 |
| 17 | Метење асфалтни патеки | m2 | 10.844 | 53 |
| 18 | Сечење ивици по парк.пат. | M | 5.422 | 1 |

Катастарски преглед за Ботаничка градина

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | Тревнаповршина | $m^2$ | 13730 |
| **2** | Зимзеленидрвја | бр | 340 |
| **3** | Листопаднидрвја | бр | 136 |
| **4** | Зимзеленигрмушки | бр | 1759 |
| **5** | Листопаднигрмушки | бр | 1048 |
| **6** | Асфалтнипатеки | $m^2$ | 1384 |
| **7** | Перени | $m^2$ | 92 |
| **8** | Ивицидолжпатеки и булевари | m | 654 |
| **9** | Мостови | бр | 6 |

**ПРЕГЛЕД**

на интензитетот на одржување на зеленилото во Ботаничка градина

| Р.бр | Виднаработа | Е.м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косењесотример | $m^2$ | 2,060 | 10 |
| 2 | Греб.трев.предмаш.косење | $m^2$ | 13,730 | 2 |
| 3 | Машинскокосење | $m^2$ | 11,671 | 10 |
| 4 | Собирањетрева | $m^2$ | 13,730 | 10 |
| 5 | Изнесув.тревасоколичка | $m^2$ | 4,119 | 10 |
| 6 | Утовартреваvoкамион | $m^2$ | 13,730 | 10 |
| 7 | Собирањелистсоизнесување | $m^2$ | 13,730 | 8 |
| 8 | Утоварлиствокамион | $m^2$ | 13,730 | 8 |
| 9 | Рач. поливањетрева и вегетација | $m^2$ | 13,730 | 36 |
| 10 | Окопувањедрвја и грмушки | бр. | 629 | 1 |
| 11 | Кроењенагрмушки | бр. | 140 | 1 |
| 12 | Фитозаштита | бр. | 629 | 2 |
| 13 | Метењеасфалт. Патеки | $m^2$ | 1,384 | 53 |
| 14 | Сечењеивиципобул.патеки | m | 654 | 1 |
| 15 | Собирањехартија | $m^2$ | 13,730 | 90 |
| 16 | Садење и расадување | $m^2$ | 92 | 1 |
| 17 | Прашење и плевење | $m^2$ | 92 | 2 |

# ПРЕГЛЕД

на булеварското зеленило и на дел од објектите кои се под ингеренција на градот (јавно зеленило) за 2025 година

| Р.бр. | **Вегетација** | **Површина** | **Ед.** |
|---|---|---|---|
| **1** | Тревна површина | 1,580.011 | $m^2$ |
| **2** | Дрвореди | 22,047 | бр |
| **3** | Зимзелени дрвја | 31.674 | бр |
| **4** | Листопадни дрвја | 12.231 | бр |
| **5** | Зимзелени грмушки | 19.734 | бр |
| **6** | Листопадни грмушки | 56.879 | бр |
| **7** | Цветни површини | 11.323 | $m^2$ |
| **8** | Асфалтни патеки | 10,808 | $m^2$ |
| **9** | Ивици долж патеки и булевари | 134,956 | m |
| **10** | Жива ограда | 360 | m |
| **11** | Жива ограда | 300 | $m^2$ |
| **12** | Жардиниери | 65,491 | $m^2$ |
| **13** | Перени | 9,314 | $m^2$ |
| **14** | Рози | 5,011 | $m^2$ |

# ПРЕГЛЕД

на интензитетот на одржување на булеварското зеленило и дел од објектите кои се под ингеренција на градот за 2025 година

| Р.бр | Вид на работа | Е.м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење тревник | $m^2$ | 237,002 | 10 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | $m^2$ | 1,580,011 | 2 |
| 3 | Машинско косење | $m^2$ | 1,343,009 | 10 |
| 4 | Собирање трева | $m^2$ | 1,580,011 | 10 |
| 5 | Изнесув.трева со количка | $m^2$ | 474,003 | 10 |
| 6 | Утовар трева во камион | $m^2$ | 1,580,011 | 10 |
| 7 | Собирање лист со изнесување | $m^2$ | 1,580,011 | 8 |
| 8 | Утовар лист во камион | $m^2$ | 1,580,011 | 8 |
| 9 | Рач. поливање трева и вегетација | $m^2$ | 1,580,011 | 36 |
| 10 | Садење сезонско цвеќе | $m^2$ | 11,323 | 2 |
| 11 | Прашење цветни површини | $m^2$ | 11,323 | 2 |
| 12 | Окопување дрвја и грмушки | бр. | 14,206 | 1 |
| 13 | Кроење на грмушки | бр. | 14,477 | 1 |
| 14 | Фито заштита | бр. | 22,047 | 2 |
| 15 | Полив.дрвореди со цистерна | бр. | 22,047 | 16 |
| 16 | Окопување дрвореди | бр. | 22,047 | 1 |
| 17 | Кроење дрвја во дрвореди | бр. | 22,047 | 1 |
| 18 | Кроење жива ограда | $m^2$ | 300 | 3 |
| 19 | Окопување жива ограда | М | 360 | 3 |
| 20 | Метење асфалт. патеки | $m^2$ | 10,808 | 53 |
| 21 | Сечење ивици по бул.патеки | М | 1,594,213 | 1 |
| 22 | Собирање хартија | $m^2$ | 1,580,011 | 90 |
| 23 | Жардиниери | | | |
| | поливање | $m^2$ | 60,498 | 36 |
| | прашење | $m^2$ | 60,498 | 3 |
| | плевење | $m^2$ | 60,498 | 3 |
| 24 | Перени | | | |
| | Садење и расадување | $m^2$ | 9,396 | 1 |
| | Прашење и плевење | $m^2$ | 9,396 | 2 |
| 25 | Окопување и прашење на рози | $m^2$ | 5,011 | 2 |
| 26 | Плевење на рози | $m^2$ | 5,011 | 2 |
| 27 | Кроење на рози | бр. | 5,011 | 1 |

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

на работни операции за редовно одржување
на Водно за 2025 година

| **Мерки за редовно одржување** | **ед.м** | **количина** |
|---|---|---|
| Метење на патишта,паркиралишта и парковски простори | $m^2$ | 8.000.000 |
| Косење со тример | $m^2$ | 200.000 |
| Машинско косење | $m^2$ | 74.000 |
| Собирање трева | $m^2$ | 74.000 |
| Утовар трева во камион | $m^2$ | 74.000 |
| Собирање лист со изнесување | $m^2$ | 74.000 |
| Кроење на дрва | бр | 300 |
| Собирање хартија | $m^2$ | 8.000.000 |
| Садење сезонско цвеќе | $m^2$ | 200 |
| Прашење цветна површина | $m^2$ | 200 |
| Чист.на култури на опожар.и оштетени површ./санит.сеча/со изнесув. и транспорт | ha | 10 |
| Прореда на пошумени култури со изнесување и транспорт | ha | 12 |
| Пробивање на просеки, заштита од пожари | ha | 6 |
| Обезбедување на шумата од пожари, мобилни екипи по 6 раб.во две смени 9м и 3 м 6 р. една смена | час | 3.780 |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции за редовно одржување на Парк на природата Гази Баба за 2025 година

| Ред. бр | Мерки за редовно одржување | Ед. мера | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Собирање хартија | $m^2$ | 2.200.000 |
| 2 | Метење трим и асфалтни патеки | $m^2$ | 550.000 |
| 3 | Косење со тример | $m^2$ | 880.000 |
| 4 | Собирање трева со изнесување | $m^2$ | 414.000 |
| 5 | Фито заштита | бр | 10.000 |
| 6 | Поливање зеленило | $m^2$ | 480.000 |
| 7 | Машинско косење | $m^2$ | 500.000 |
| 8 | Утовар на трева во камион | $m^2$ | 300.000 |
| 9 | Кроење дрвја | бр | 400 |
| 10 | Утовар на гранки | $m^3$ | 30 |
| 11 | Санитарна сеча | ha | 10 |
| 12 | Пробив против пожарна просека | km | 1 |
| 13 | Проредa на пошумени површини | ha | 3 |
| 14 | Окопување садници | бр | 500 |
| 15 | Обезбед.на шумата од пожар - дежурства - мобилна екипа 4 работника во две смени - 9 мес. и 3 мес. - 4 работника во една смена | час | 3800 |

# ПРЕГЛЕД

на интензитетот на работа на зеленилото во СРЦ Сарај за 2025 година

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. м. | Количина | Пати |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Косење со тример** | $m^2$ | 37.185 | 5 |
| **2** | **Гребуљање трева пред машинско косење** | бр | 247,900 | 1 |
| **3** | **Машинско косење** | бр | 210715 | 5 |
| **4** | **Собирање трева** | бр | 265000 | 5 |
| **5** | **Изнесување трева со количка** | бр | 72570 | 5 |
| **6** | **Утовар трева во камион** | $m^2$ | 241900 | 5 |
| **7** | **Собирање лист со изнесув.** | $m^2$ | 265000 | 2 |
| **8** | **Утовар лист во камион** | $m^2$ | 265000 | 2 |
| **9** | **Рачно поливање тревник** | бр | 70000 | 22 |
| **10** | **Окопув. дрвја и грмушки** | бр | 557 | 1 |
| **11** | **Кроење на грмушки** | бр | 11 | 1 |
| **12** | **Фито заштита** | бр | 557 | 1 |
| **13** | **Собирање хартија** | бр | 265000 | 35 |
| **14** | **Метење асфалтни патеки** | бр | 900 | 28 |
| **15** | **Сечење ивици по парковкси патеки** | бр | 3000 | 1 |
| **16** | **Метење поплочени патеки** | бр | 3000 | 28 |
| **17** | **Одржување санитарни јазли** | бр | 380 | 1 |
| **18** | **Сад.сезонско цвеќе** | $m^2$ | 300 | 2 |
| **19** | **Праш.сезонско цвеќе** | $m^2$ | 300 | 2 |

## III.1 ПОДИГНУВАЊЕ НА НОВО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНО НЕУРЕДЕНО ЗЕЛЕНИЛО

Подигнувањето на ново урбано зеленило се врши при изградба на комуналните инфраструктурни објекти. Реконструкција на урбаното зеленило најчесто се врши при реконструкција и изградба на објекти од комуналната инфраструктура и на површини каде што постојното зеленило ја надминало својата физиолошка зрелост, како и облагородување на просторот на кој се настанати диви депонии, напуштени површински копови и простор кој е неискористен. Се предвидува и подигнување на кровни и вертикални градини, зелени ѕидови и заштитно зеленило како тампон зона, како и поставување на урбана опрема во парковското зеленило.

Во текот на 2025 година се предвидува подигнување на ново урбано зеленило на јавни површини и реконструкција на јавно зеленило на подрачјето на град Скопје, согласно потребите на Градот Скопје.

Во Градски Парк I и II дел - ќе се продолжи со хортикултурно уредување и реконструкција на постоечкото зеленило со поставување на забавни детски реквизити , клупи, корпи за отпадоци и друга урбана опрема.

Исто така се предвидува реконструкција на урбаното зеленило во зелените коридори и плоштади до булеварите и магистралните и собирни улици во Градот Скопје, реконструкција на урбаното зеленилото покрај велосипедските патеки и пешачките патеки, како и на друго урбано зеленило за јавна употреба во градот, а кое е од големо значење за рекреација на граѓаните, како и на други неуредени зелени површини за кои ќе се укаже потреба за нивно хортикултурно уредување. Ќе се пристапи и кон реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, садење на садници и сезонско цвеќе, на површини кои се под ингеренции на општините во Градот Скопје, а по претходно склучени меѓуопштински соработки помеѓу Градот Скопје и општините во градот.

**III.2** Начин на финансирање

Делот на подигање, хортикултурно уредување и реконструирање на јавното зеленило се финансира преку буџетот на Град Скопје во износ од 190.000.000,00 денари .

Средствата за одржување на јавното зеленило се обезбедуваат и преку начинот на наплата утврден согласно Одлуката за утврдување на процентот од цената на услугата за снадбдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води за вршење на комунална дејност – одржување на јавното градско зеленило (паркови) ( “Службен гласник на Град Скопје“ бр.13/12 и 15/19 ).

## IV. Превентивна дезинсекција

Согласно член 12 точка 4 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на Република Македонија“бр.66/04, 139/08, 99/09,149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20)“, вршењето на превентивната дезинсекција е утврдено како општа мерка за заштита од заразни болести.

Подрачјето на градот Скопје изобилува со многубројни постојани или повремени водени површини (канали, вештачки езера, отворени базени и др.) како и разновидна флора. Во комбинација со карактеристичната микро клима (кратка зима, врнежлива пролет и топло лето), овие хабитати се идеално место за експанзија на инсектите, а особено комарците.
Ларвицидната дезинсекција претставува хигиенско-техничка мерка за уништување на ларви од комарци.
Адултицидна дезинсекција претставува хигиенско-техничка мерка за уништување на возрасни форми на комарци и останати штетни инсекти
Со Програмата се утврдува начинот на организирањето на дезинсекцијата на подрачјето на градот Скопје во 2025 година, периодот на вршење на активностите и финансирањето на истите.

**IV.1** Планирани активности

Ларвицидната дезинсекција на стоечки водени површини ќе се спроведува на подрачјето на градот Скопје по пат на авионска и терестична апликација. Конкретните најповолни термини за таа активност ќе бидат дефинирани од страна на ЈЗУ “Центар за јавно здравје”-Скопје, врз основа на претходно теренско следење на состојбата.
Адултицидна дезинсекција ќе се спроведува на подрачјето на градот Скопје и тоа по пат на авионска и терестична дезинсекција. Адултицидната дезинсекција ќе се изведува во раните утрински часови, заради намалено движење на граѓаните и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и слично. Конкретните датуми за извршување ќе се утврдуваат во зависност од метеоролошките состојби.
При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот, нареден, поволен термин.
Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено се информираат преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведувањето на предвидената дезинсекција.
Аплицирање на средството го врши фирма, регистрирана за таа дејност, која поседува соодветна потребна документација за вршење на ваква дејност. Средството за спроведување на превентивната дезинсекцијата треба да биде регистрирано и одобрено од Министерството за здравство на СРМ како погодно средство за користење во големи урбани и рурални средини.

**IV.2** Начин на финансирање

Финансирањето на превентивна дезинсекција се врши од средствата предвидени со Буџетот на Град Скопје во износ од 40 000 000,00 денари.

## V. Украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики

Со оваа Програма се уредуваат и активностите, обемот, динамиката и начинот за украсување на градот Скопје со знамиња по повод државните празници и други прилики, како и финансирањето на програмата и надзорот над нејзиното извршување.

### V.1 Активности , обем , динамика и начин на поставување

Под активности за украсување на градот Скопје со знамиња на подрачјето на градот се подразбира поставување и отстранување на знамиња на Република Северна Македонија и Градот Скопје на метални држачи, поставени на столбови од јавното осветлување, како и транспортот, складирањето и одржувањето на знамињата (перење и пеглање), на дрвените и на металните држачи за знамиња.

Оваа Програма се реализира преку, ЈП Паркови и зеленило – Скопје, со поставување знамиња на магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје.

На подрачјето на градот Скопје се поставуваат знамиња по повод државни празници, кои што се дефинирани со Закон за празниците на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/98 и 18/07), согласно кој државни празници на Република Северна Македонија се:

- 24 Мај -"Св.Кирил и Методиј", Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, "Св.Климент Охридски".

Исто така, на подрачјето на градот Скопје се поставуваат знамиња и по повод 13-ти Ноември, ден на ослободувањето на Скопје, за време на посета на странски државници, по повод избори, референдум , како и во други прилики

Поставувањето на знамињата започнува 24 часа пред, а завршува најдоцна 4 часа пред настапување на празникот.

Знамињата се поставуваат на метални држачи што се на висина од 5м.

Отстранувањето на знамињата започнува 8 часа по завршувањето на празникот, а завршува за, најдоцна, 24 часа.

**V.2** Начин на финансирање

Финансирањето, на поставување на знамиња, се врши од средствата предвидени со Буџетот Град Скопје во износ од 700 000, оо денари.

.

## VI. Извршител на Програмата

„Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма, преку Секторот за комунални работи во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.

Институциите чиј основач е Град Скопје треба да изготват Оперативен план, кој ги содржи вкупните површини по општини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели."

.

## VII. Финансирање на Програмата

Финансирањето на ова програма се врши од буџетот на Град Скопје и тоа од Програмата, Ј4 ставка 424 во износ од 10.000.000,00 денари за расчистување на сметишта, односно 1.000.000,00 денари за подигање на умрени животни, од Програмата ЈМ ставка 482 во износ од 190.000.000,00 денари за подигање, хортикултурно уредување и реконструирање на јавното зеленило, Програма Ј8, ставка 424, во износ од 40.000.000,00 денари, за превентивна дезинсекција и од Програма Ј0, ставка 426, во износ од 700.000,00 денари за китење на градот со знамиња. За финансирање на целокупна Програмата во буџетот на Град Скопје се предвидени вкупно 241. 700. 000,00 денари..

**VIII. Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за комунални работи на Град Скопје.

Инспекциски надзор врши Секторот – Инспекторат на Град Скопје.

**IX. Завршна одредба**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Совет на Град Скопје

Претседател

Трајко Славески

Бр. 27-

__________ 2024 год

Скопје

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 година и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 12 од Законот за јавна чистота, („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 година и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Градот Скопје секоја година донесува годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, динамика и начин на вршење на работите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини, воглавном, го врши ЈП Комунална хигиена – Скопје, основано од страна на Градот Скопје. Врз основа на ова програма ЈП Комунална хигиена – Скопје изготвува оперативен план со кој

детално се определува бројот на ангажирана работна сила, употреба на механизација, динамика на извршување и тоа за секој пооделен реон односно улица. За вршење на работите на одржување на јавната чистота. Надзор и контрола над извршувањето на оваа Програма врши Секторот за комунални работи, како и Сектор – Инспекторат на Град Скопје. Освен овие работи, оваа програма ќе опфаќа и расчистувањето на сметишта или места на кои противправно е одложен отпадот, како и подигање на умрени животни од јавни површини, за што е утврдена посебна ставка во буџетот.

Со член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија " бр 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр 42/20 и 224/24), Градот Скопје има надлежност да подготвува и предлага до советот на единицата на локалната самоуправа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленило , во која се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато и одржувано, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства во тековната година и друго и ја следи нејзината реализација.
Градот Скопје има надлежност за подигање, уредување и одржување на зелените површини на подрачјето на градот Скопје, односно за булеварско и парковско зеленило, и останато зеленило во надлежност на Градот, Градски парк I и II, парк на Франкофонија, парк Жена Борец и двете страни на кеј на реката Вардар со површина од 2.375.231м2, како и за Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба и СРЦ Сарај со површина од 47.026.000м2. Подигнувањето на ново урбано зеленило се врши при изградба на комуналните инфраструктурни објекти. Реконструкција на урбаното зеленило најчесто се врши при реконструкција и изградба на објекти од комуналната инфраструктура и на површини каде што постојното зеленило ја надминало својата физиолошка зрелост, како и облагородување на просторот на кој се настанати диви депонии, напуштени површински копови и простор кој е неискористен.

Согласно член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20)“, утврдено е Советот на Град Скопје да донесе Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје. Со ова програма се утврдуваат активностите за вршење на дезинсекција, односно за уништување на ларви од комарци и возрасни форми на комарци, дефинирани како општи мерки за заштита на населението од заразни болести.
Со Програмата се предвидува третирање против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци од причина што, од досегашните искуства, се потврдило дека посакуваните резултати се постигаат само доколку се вршат двата вида на дезинсекција. Исто така, се продолжува и со праксата дезинсекцијата да се врши на два начина, односно од воздух и од земја.
Пред започнување на актиностите се известуваат релевантните субјекти и се прави објава и на web - страница на Градот Скопје со цел да се избегнат некои несакани последици по здравјето на луѓето и животните.

Со член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11) утврдена е надлежноста на Град Скопје за украсување на градот Скопје, како комунална дејност.

Согласно тоа, Советот на Град Скопје потребно е да донесе Програма за поставување на знамиња на магистрални и собирни улици на подрачјето на градот, а заради одбележување на празници и други прилики.
Во случајот, Град Скопје поставува и отстранува знамиња по повод државни празници на Република Северна Македонија, кои што се дефинирани со Законот за празниците на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/98 и 18/07), како и по повод празникот 13-ти Ноември, Ден на ослободувањето на градот Скопје.
Исто така, поставување и отстранување на знамиња се врши и при посета на странски државници, по претходно барање на надлежен републички орган, по повод избори (претседателски, парламентарни и локални), референдум, како и во други прилики.

Потребните финансиски средства за реализација на програмата за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2025 година се планирани во Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

Заради наведеното, предлагаме Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2025 година.